View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

**Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип**
strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

**Јован Ананиев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип**
jovan.ananiev@ugd.edu.mk

# Балканските војни- Сто години потоа: Користење на Историјата во функција на политичката мобилизација на Балканот

**Апстракт**

Појавата на нациите и национализмите во Османлиската империја, особено во нејзиниот европски дел, се врзува за развојот на стереотипите кои ги развивал останатиот дел од светот во однос на балканските жители, но и перцепцијата за себе која ја развивале народите во овие региони. Наметнувањето на негативните стереотипи за регионот ќе биде поткрепено со Балканските војни, кои го одбележаа подеднакво како почетокот, така и крајот на 20-от век. Проекцијата на Балканските војни (1912-13) денес во различните Балкански држави зависи од историската дискурзивна форма на интерпретација детерминирана од перцепцијата на различните национални историографии.

Преку антрополошка анализа на балканската документаристика на различните нации-држави за нивната улога во Балканските војни, се прави обид да се согледаат различните перцепции за истите. Притоа интердисциплинарниот приод вклучува синтеза на основните теоретски знаења поврзани со политичките теории (аспекти на политичка мобилизација) и теориите за национализмот, со денес познатата фактографија за Балканските војни и селективното претставување низ националните документаристички проекти во Турција, Бугарија, Македонија и Србија. Во продолжение ќе се задржиме на неколку аспекти на различно гледање и интерпретацијата на Балканските војни.

**Клучни зборови:** Балкански војни, Македонија, Балкански сојуз, историски мит, колективен идентитет, документаристика

## Abstract

The establishment of nations and nationalisms in Ottoman Empire, especially in its European part, was connected with the construction of stereotypes which the rest of the World developed for its population, but also and selfidentification of those same people. Negative perception of the region will be confirmed with the Balkan Wars, which marked equally the beginning and the end of Twentieth century. The projection of the Balkan Wars (1912-13) today in the different Balkan nation-states depends of the historic discursive form of interpretation determined from the perception of different national historiographies.

Through anthropological analyses of the documentaries produced by different Balkan states about their role of the Balkan wars, we make effort to determine the different perceptions. Using interdisciplinary approach we are making synthesis of political theories (aspects of political mobilization) and the theories of nationalism, with today known factography of the Balkan wars, and the selective interpretation through national documentary projects of Serbia, Bulgaria, Macedonia, Greece and Turkey. So we are elaborating few of those aspects.



**Key words:** Balkan wars, Macedonia, Balkan alliance, historical myths, collective identities, documentaries


## 1. Балканските војни како израз на херојското минато

„Златното доба“ на балканските национални митови во главно се идентификува со два конститутивни елементи: Предхристијанските моќни империи и култури кои се произведени во овој регион и Христијанските средновековни империи кои претходат на османлиската исламска доминација. Она што за грчкиот мит претставуваат античкото класично наследство и средновековна Византија[1], за бугарскиот, српскиот и македонскиот се средновековните христијански Империи, кои имале свои центри на

[1]Со реформите во образованието, Византија официјално станува дел од грчката национална историја во 1884 година, а истовремено Александар Македонски од освојувач и поробител на Грците се претвора во „апостол на грчката цивилизација и симбол за единство“. Константинова, Ю. „Превръщането на Мегалиидея в държавна доктрина на Кралството Гърция“. Во *ИсторическоБъдеще*, Асоциация Клио, София, 2006, Брой 1-2., 85.

територијата на која денес се протегаат овие национални држави. Сепак, македнонскиот мит за „славните времиња“ во голема мера се поклопува со бугарскиот мит за егзистирање на државноста, но и двата го занемаруваат фактот дека Империјалниот модел се темели на триангулацијата вера- владетел- подаништво, а не на национално центричната перспектива на гледање на етно- јазичниот контекст на групната определба. Дотолку српскиот мит во последната декада е поткопан од губењето на територијалната база, која ја редефинира манифестната содржина по воспоставувањето на независно Косово. Исто така интересно е да се спомене борбата за градење на втемелувачки мит помеѓу претхристијанското античко минато и христијанскиот концепт на историска државност. Доколку во грчкиот случај ваквите дискусии се отворени со создавањето на современата држава во 19 век, во голема мера манифестирани преку борбата за воспоставување на официјалниот јазик на база на античкиот коине- катаревуса, или народниот современ димотики, кај останатите народи дискусиите во голема мера се отвораат по 1990-те. Така во Р. Македонија постои тенденција на преиспитување на „Златното доба“ во корист на античката Македонска империја на Александар Велики, додека во Бугарија се повеќе значајна улога и се придава на предхристијанската Тракиска култура. Мора да се напомене дека доколку „Панправославието“ и „Панславизмот“ отсекогаш наидувале на подршка од руската свера на влијание, дотолку, претхристијанската антика, која стана интегрален дел на „Западната цивилизација“, секогаш била подржувана од Западот. Оттука денешната состојба на повикување на антиката во дел од балканските нации, кои по деведесеттите година на 20 век произлегоа од комунистичките режими, во голема мера е произведена од современата глобализација на мислата и канализирање на Западот како основен критериум врз кој интелектуалните елити ги вршат дефинирањата.[2]

[2] Процесот на колективното дефинирање го привилегира Западот како стандард, наспроти кој се дефинирани сите “Други” поради неговата историска, политичка и економска моќ. Луѓето од Западот поседуваат релативна автономија да создаваат слики за туѓите општества, онака како што им одговара поради постоечката политичка нерамнотежа:”*Западните антрополози при опишувањата на општествата кои што можеби ги имаат проучено подлабоко и со симпатии, најверојатно ќе се соочат само со својата чест како со контрола на претставите што ги создаваат. Дури и ако оние кои што се опишани ја прочитаат и потоа ја отфрлат таа претстава, не е многу веројатно дека нивното одбивање ќе се чуе во академските и социјалните кругови, кои што за антропологите се од највисоко значење*”. Но тешко е да се најде утеха во сознанието дека мораме да чекаме “*Западотда се соочи со својата чест*” како контрола на претставите коишто ги создава. Тодорова, М. *Замислувајќи го Балканот*. Магор, Скопје, 2001, 89.

Херојското време е исклучиво втемелено на христијанскиот поглед за конструкција на колективни визии за себежртвување во името на другите. Оттука, херојското време следува по „Златното доба“[3] и има антиосманлиски и антиисламски карактер. Дури и „албанското“ востание на Скендербег има пред се панхристијански карактер, иако современите историски визии градат поинаква слика на национално херојство. Останатите митови во главно се врзани за националните движења за ослободување и востанијата насочени против Османлиската империја: Првото и Второто Српско востание, Грчкото востание и борбата за независност, Априлското востание во Бугарија, како и Илинденското во Македонија,- но и меѓунационалната борба на балканските народи во периодите на Грчката Македонска борба, Балканските, Првата и Втората Светска војна, па дури и Грчката граѓанска војна, која иако во основа идеолошки базирана, во пракса се претвори на судир на грчката нација- држава со македонското малцинство.

Хероизмот на сојузниците, Балканскиот сојуз, кои во прв ред се прикажани како бранители на цивилизациските вредности (читај вредностите на западната цивилизација), е проследен со делегитимизација на османлиското владеење, односно, паралелно со создавањето на националните визии за минатото се пласира митот за нелегитимноста на Османлиското (турско) присуство на Балканот, т.е. митот за „турското ропство“.Ова истовремено значи позиционирање на регионот како дел од прогресивниот Запад, поглед кој нуди можност за потиснување на негативните стереотипи. Притоа, новите перцепции не ја исклучуваат Русија, која е носител и заштитник на христијанските вредности. Сето ова е проследено со глорификација на војските на Балканските сојузници, но секоја нација држава (Србија, Грција или Бугарија) дава ексклузивитет на сопствените успеси, во исто време минимизирајќи го придонесот на останатите.

---

[3] Исклучок прави градењето на митови за херојското минато на антиката. Но овие митови не се вернакуларно втемелени и производ на колективната меморија, туку во значајна мера се вештачки продуцирани од институциите на нацијата- држава. Оттука нивното масовно присуство во грчката држава е доказ за силното институционално присуство и користење на механизмите на легитимна присила, додека во случајот на останатите балкански нации, иако постојат, обемот на присуство на ваквите митови е значително помал.
Во предговорот на „Сенката на Балканот“, бугарскиот поет Пенчо Славејков пишува: „*Нашите народни песни не ја поминуваат границата на 14 век, т.е. не бележат претходни историски настани*“...„*Во своите песни тој (народот), за нас ги сочувал имињата на неколку предисториски животни, но не и името на ниту еден единствен крал*“. Брејлсфорд, Х. Н. *Македонија*. Култура, Скопје, 2003, 171, 172.

Спротивно на овие гледишта, турската документаристика денес го истакнува Хероизмот на османлиската војска како бранители на синтетичките мултукултурни традиции на османскискиот историски контекст. Притоа Исламската култура е недоволно разбрана од новата национална идеологија, која сепак се темели на христијанските традиции, на кои, со исклучок на новоформираната Албанија, се темелеле балканските нации- држави. Ова денес се синтетизира во рамките на обидите за перцепција на Османлиското минато низ призмата на митот за „пакс отомана“.

2. **Теорија на виктемизација**.

Колективната меморија на националната заедница е зацврстувана преку истакнување на историските моменти на страдање и жртвување во името на групата. Сеќавањето за тешките времиња е искористено од политичките субјекти на националната сегашност како мобилизаторски атрибут кој се користи во моментите на криза на современоста. Многу често во моменти на економска криза националната консолидација е алтернатива за одржување на единството и редот во општеството. Но како што покажа примерот на поранешна Југославија, експлоатацијата на национализмот во политички цели може да доведе до нови национални катастрофи, меѓуетнички, меѓу религиски или меѓугрупни судири кои тешко се контролираат.

Сепак сите балкански историографии конструираат визии за историското минато во кое тие биле жртви во колективна национална смисла. Така она што за грчката историографија претставува митот за бегалците по Грчко- Турската војна, за бугарската е нанесената „неправда“ со укинувањето на „Сан- Стефанска Бугарија“, или епизодите од националното востание како што е масакарот кај Батак, за српската е колективната жртва во „Косовската битка“[4], но и скорешната историја на национални порази поврзани со насилната дезинтеграција на Југославија, додека македонската историографија фокусот го насочува кон „Букурешкиот мир“ од 1913 година и поделбата на нејзината „етно- географска“ целина. Но она што е впечатливо е дека сите

[4] Јадрото на митот за косовската битка има три главни компоненти:

1. „Трагична“- смртта на кнезот Лазар како трагедија за христијанството;
2. Со него умираат „најдобрите“ српски воини и
3. Крајот на средновековната српска држава. Abazi Bozeva, Katrin.. *The Shaping of Bulgarian and Serbian National identities, 1800-1900s*. INI, Skopje, 2007, 128.

балкански нации- држави, освен Р. Турција, преку нивните национални истории го пласираат митот за „турското ропство“, како мрачен, нелегитимен дел од нивното минато.

Еден од најважните сегменти на читањето на модерните истории произлегува од односот на нациите-држави кон нивното Османлиско минато и воопшто нивното толкување на историјата. Постојат два пристапи кон османлиското наследство на Балканот: Прво, тоа е нелегитимно (митот за турското ропство) претставува црна дупка во историјата на регионот; и второ, османлиското наследство се доживува како легитимен продолжувач на Византиската традиција.[5]

Првото толкување е темелот врз кој се градеа официјалните истории на балканските нации-држави каде Османлискиот период е само темна страна од нивната историја, а овој период е само пречка во континуитетот на нивните средновековни и антички кралства и модерните нации-држави. Православната христијанска верска и културна традиција на народите на Балканот е ставена во функција на нивната перцепција на Османлиското минато во во чии рамки религијата обезбедила опстојување на нивните култури. Последново е основа на градењето на националните митови, како и на она што се нарекува “*славна историја на предците*”[6]. Истовремено, во оваа насока се користи фактот дека постои перцепција на Западот за “*Балканот и Јадранот како последна линија на контрола и одбрана од муслиманскиот исток*”.[7]

---

[5] Мазовер, М. *Балканот, кратка историја*. Евро Балкан пресс, Скопје 2003, 19, 20.

[6] Каракасиду, А. *Полиња жито, ридишта крв*. Магор, Скопје 2002, 16.

[7] Noris, Dejvid, E. *Balkanski mit, Pitanja identiteta i modernosti*. Geopoetika, Beograd 2002, 18. Ваквото гледиште е проследено со перцепцијата која, со исклучок на Албанија, ја градат балканските нации-држави во однос на процесот на исламизација, како нелегитимен, без разлика дали се одвивал по насилен или мирен пат. Особено во 20 век, ова е искористено од бугарската држава за спроведување на насилна рехристијанизација на нејзините граѓани, додека кај останатите национализми, односот кон муслиманските еднојазичници останува дискурзивен однос кон Другоста, подеднакво продуцирана и од христијанското неприфаќање во групата, но и од одбивањето на муслиманските заедници да се интегрираат во рамките на националната целина.

Студиите за балканскиот национализам од доцниот Османлиски период вообичаено почнуваат со сликата за туркократијата (turkokratia). Аданар, генерално наведува постоење на три претпоставки кои се однесуваат на природата и влијанието од Османлиското владеење:

- Османлиското владеење било „темна ера“ на исламска доминација врз христијаните;
- Дека тоа ги изолира балканските земји од генералниот курс на развој на европската цивилизација; и
- Дека османлиското владеење претставува назадување, односно феудален систем на социо-економска и помитичка експлоатација. Adanar, F. 1998. *The Socio- Political Environment of Balkan Nationalism: The Case of Ottoman Macedonia 1856-1912*. L luver Law International, Nederland’s, 221.

Второто толкување го разбира османлиското наследство како комплексна симбиоза на турската, исламската и византиската, односно балканската традиција. Тоа се темели на логичката претпоставка дека неколкувековниот заеднички живот морал да изроди и заедничко наследство.[8] Балканот е пред се значаен како западна хипостаза на османлиското историско наследство, а неговото значење се зголемува или се намалува во една сложена и индиректна поврзаност со одбивањето или прифаќањето на отоманското минато. Ова е случај особено денес, кога речиси во целиот турски идеолошки и политички спектар се врши темелно преиспитување на Ататурковото републиканско наследство.[9] Мазовер тврди дека во желбата граѓаните на балканските национални држави да станат Европејци треба ни помалку ни повеќе, туку да се

---

Продолжувајќи со истрагата, за Дејвидсон, историчарите треба да имаат во предвид три ризици:

- Првиот е дека моралните предрасуди мора да се држат настрана. Не може да се претпоставува (како што европјаните најчесто и правеле) дека вестернизацијата е автоматски добра. Ниту пак може да се претпоставува дека не-муслиманските народи од Отоманската Империја оперирале со поголем морал отколку што тоа било случај со Муслиманите. Арминиус Вамберс правилно забележал дека во вжештените денови на Отоманската империја од големата криза во 1876 година, сите народи кои биле поблиску до Истокот ги имале истите морални цели;
- Вториот ризик се однесува на тоа дека сите историчари мора да бидат подготвени за можноста која вели дека влијанието на милетите, дури и ако се докаже, не може да биде единствен фактор помеѓу многуте причини за промени. Ова вклучува: влијание на воените одбрани во отоманството од многуте напади, како што биле на пример оние од Русија во периодот помеѓу 1768 и 1833 година. Потоа развивањето на групи од екстра добри цивилни и воени служби и службеници и професионалните класи кои што го познавале ритамот на Франција и другите западни земји; политичките притисоци од Европските сили и на крај економската доминација на Европа врз Блискиот Исток;

Третиот ризик е фактот што доказите може да бидат ретки и расфрлени. Повеќето од информациите за историјата на не-муслиманските милети иако се лесно достапни и многубројни сепак може да бидат половични, нецелосни. Па така во повеќето од изворите тема на обработка е локалното влијание на не-муслиманите врз муслиманите а доказите за ова сепак се многу кршливи. Колку често може да се очекува некој да прочита дека еден Турчин рекол: *„ова го правиме вака, или ова сметаме дека треба да е вака, затоа што се раководиме по грчкиот пример?“ и колку често може да очекуваме некој аутсајдер да заклучи дека „муслиманите го имаат превземено овој Западнизам од грегоријанските ерменци, или нешто друго од католичките ерменци, или од ашкенаските Евреи или од Сефарди* (Евреин од шпанско или португалско потекло). Од овие причини понекогаш се неопходни шпекулациите. Davison, H. Roderie. *Nineteenth century Ottoman diplomacy and reforms*. The Isispress, Istambul 1999, 230.

[8] Тодорова, М. *Замислувајќи го ...,* 241. И покрај фактот дека христијаните мораат да се потпрат на Исламската доминација (забрана за носење на оружје, јавање на коњ, црквите да не доминираат во однос на џамиите и сл.), претставата за „темна епоха“ на Балканот е нарушена со фактот дека освојувања на Османлиската империја донеле период на мир и стабилност за христијаните и додека поголемиот дел од Европа бил вклучен во граѓански и религиски судири во Империјата владее мултикултурна толеранција. Brooks, J.A. *“Shoot the Teacher!” Education and The Roots of the Macedonian Struggle*. Simon Fraser University, MA Theses, Department of History, 2005, 14.

[9] Тодорова, М. *Замислувајќи го ...,* 74.

одречат од легитимноста на Османлиското минато.[10] Така, на пример разликите што им биле наметнати на христијанските жители на Македонија во националниот натпревар во почетокот на 20 век, радикално ја нарушиле динамиката на размената, општењето и коегзистенцијата кои постоеле за време на доцната османлиска ера.[11]

Историчарите најчесто османлиското владеење го разгледуваат од религиски аспект, при што на опстанокот на Христијанството се гледа како на мачеништво во време на притисок. На црквата и се припишуваат заслугите за зачувување на етничкиот идентитет. Иако Османлиите се претставени како религиозни освојувачи, при што концептуално се спротивставуваат Исламот, од една и Православното и Католичкото Христијанство од друга страна, сепак со ревозобновувањето на Патријаршијата во 1454 година од Мехмед Втори, Православието ги зацврстило своите позиции наспроти Католицизмот.[12]

Во примерот на Турската и Македонската документаристика доминира погледот на колективната жртва која се однесува на муслиманското население во првиот случај, и македонскиот народ во вториот. Притоа, индиректно, муслиманското население се изедначува со модерната турска нација, додека терминот „македонски народ“ упатува на целосно оформен македонски национален идентитет. Двата погледи се спорни од аспект на прифатливост во историографијата на останатите балкански држави, но и светската современа историографија.

Сепак колективната жртва која ја поднеле балканските војски на сојузниците исто така е издигната на ниво на национален мит. Жртвата на Српската нација е претставена преку оневозможувањето од Големите сили да се ефектуираат територијалните придобивки, особено со формирањето на Албанската држава. Жртвата на грчките војски е опишана во еден дијалог (преписка), кој, во периодот пред навлегувањето на грчките војски во Солун, се водимеѓупретстолонаследникотКонстантиноси премиерот Венизелос, при што Битола (Монастир) како сфера која е дел од грчките интереси е жртвувана за да се добие Солун. Бугарската документаристика, исто така во голема мера се темели на теоријата на виктемизација. Таа потекнува од периодот на склучувањето на договорите за Балкански сојуз, во кои,компромисот за Македонија е перципиран како колективна Бугарска саможртва, понатаму, силно се експлоатира

[10] Мазовер, М. *Балканот,...,* 21.
[11] Каракасиду, А. *Полиња жито,...,* 84.
[12] Adanar, F. 1998. *The Socio- Political Environment of...,* 222, 223.

фактот дека војнички Бугарија го поднела најголемиот терет во Првата Балканска војна што не соодветствувало на територијалните придобивки, за да на крајот колективната жртва е надополнета со „нелегитимната“ интервенција на Романија во Втората Балканска војна, во што се бара и најголемата причина за негативниот исход од војната.Сепак, треба да се напомене дека бугарската документаристика проблемот за ваквите национални катастрофи ќе го лоцира и во нефлексибилноста на бугарските ставови кон Македонија, што настанува како резултат на притисокот на Македонските мигрантски заедници, кои до Балканските војни силно биле инсталирани во воено-политичките кругови, со што де факто вината се проектира врз „Македонските бугари“.

3. **Ослободители или освојувачи**

Документаристиката на државите од Балканскиот сојуз, за војните, особено за Првата Балканска војна, гради слика за ослободителна војна. Спротивно на ова, турската историографија и документаристика доминантно војните ги прикажуваат како освојувачки. Она што е интересно е односот на македонската документаристика, која како и кај претходно споменатите, е под силно влијание на официјалната историографија. Притоа постои флуктуација, особено во однос на Првата Балканска војна, која за разлика од минатото, денес се повеќе се прикажува како освојувачка. Во рамките на поновите документарни проекти на Р. Македонија и Р. Србија се водат вистински дискусии во кои се вклучени подеднакво, официјални историчари од двете земји, но и јавни политички личности, а суштината е во карактерот на српското навлегување во Македонија и со тоа перцепцијата на воените подвизи на Српската војска.Ваквите перцепции во Р. Македонија создаваат слика за сојузничките армии како нови освојувачи и поробители, што конвинира со веќе споменатата апликација во рамките на националниот мит на теоријата на виктемизација. Секако, како што споменавме, последната визија и претставата на освојувачкиот карактер на Балканските сојузнички војски е апсолутно апликативна во рамките на современата турска историографија и документаристика.

4. **Воени злосторства**

Најголемата жртва од Балканските војни било цивилното население, без разлика на политичко- националните афилијации или религиската припадност. Но, сепак, особено по крајот на Првата Балканска војна поголеми биле последиците за муслиманското население. Во рамките на документаристиката на Србија, Бугарија, Грција, па дури и Македонија ова или се занемарува или воопшто не се споменува. Притоа ќе споменеме два класични примери. Првиот се однесува на третманот на воените заробеници во Одринско, особено по падот на градот Одрин, кога за неколку месеци најголем дел од нив починале, или од насилна смрт или од негрижа. Сепак бугарската документаристика се обидува да го релативизира овој факт, тврдејќи дека по долгата опсада, најголем дел од османлиските заробеници веќе биле изнемоштени и болни. Вториот пример се однесува на еден од ретките „судири" на Македонската и турската документаристика. Во случајот на Македонија, дејствувањето на различните чети и народни милиции внатре на нејзината територија, како и воените подвизи на Македоно- одринскотоополчение на Тракискиот фронт, се издигнати на ниво на национално херојство и заслуга во воената победа на сојузниците. Но, во случајот на турските документарни филмови, на дејствувањето на ваквите чети, ни помалку, ни повеќе, им се дава карактер на „христијански башибозук", а голем дел од злосторствата извршени врз муслиманите цивили се токму нивна заслуга.

## 5. **Различна перцепција на историските факти**

Во различните документарни филмови се оди до степен каде што различно се интерпретираат одредени утврдени историски факти. За ова исто така ќе понудиме два примери.

Со цел да да ја оправда политиката на компромис во однос на Македонија, пред се пред македонскиот фактор во Бугарија, бугарската документаристика нуди своја интерпретација на тајниот анекс потпишан, паралелно со договорот за сојуз со Србија. Притоа членот 2 од анексот, кој јасно ја дефинира неспорната зона северно и западно од Шар Планина- во полза на Србија и Источно од Родопите и р. Струма- во полза на Бугарија, е интерпретиран на начин во кој спорната зона е лоцирана северно од демаркационата линија Голем Врв- Охридско езеро. Во овој контекст, прифаќањето да се препушти дел од територијата на Македонија на Србија се оправдува со фактот дека овој регион е со предоминантно Албанско и Српско население. Но, членот 2 од

споменатиот анекс речиси целата територија на Македонија ја определува како спорна зона, за која доколку не и се додели автономија, се предвидува медијација на рускиот император.

Вториот пример се однесува на различната интерпретација од српската и бугарската документаристика за воените заслуги при освојувањето на Одрин. Додека за српската страна градот е освоен од српските војски, за бугарија херојството на бугарската армија при неговото освојување е неспорен факт. Интересна е епизодата за предавањето на градот од Шукри паша, кој според едното гледиште градот го предава на мајор Милован Гавриловиќ, притоа делејќи комплименти за храброста на српската војска, додека според друго тој градот го предава на генерал Иванов, исто така делејќи комплименти за храброста на бугарската армија. Дури и да се реалност двата настана, остава впечаток величењето на сопствените успеси, а минимизирањето на туѓите.

## 6. Нови епизодисти, стари улоги

Новиот поглед на турската документаристика вклучува жестока критика на младотурското движење на кое се придава улогата на триоански коњ, кој со внесувањето на западната идеологија придонел за поткопување на Османлиската воена моќ (неединството и неспособноста на османлискиот официрски кадар). Ова соодветствува на новите погледи на турската нација-држава врз кои се поголемо е влијанието на политичкиот ислам, во екстремна форма проследен со радикални интерпретации за негативниот карактер на западните идеологии, вклучително и националната. Во новиот серијал на македонски документарни историски филмови, Македонската Борба за Слобода, Ослободителните борби, сојузничкиот придонес и трагедијата на Македонскиот народ во Балканските војни 1912-1913, во делот на балканските војни цел клучен сегмент од филмот е посветен на контроверзната личност на Тодор Александров. Сепак филмот ги нафрла но не и синтетизира гледиштата за различната улога на „левицата“ и „десницата“.

## 7. 100 години од Балканските војни, одбележувања и чествувања

Во овој дел накратко ќе го споменеме примерот со прославата по повод 100 годишнината од Кумановската битка, одржана на Зебрењак. Она што треба да се забележи е градењето на нови проекции, кои ги вклучуваат старите феномени на балкански национализам. Иако во говорот на српскиот претседател Николиќ се повикува на зачувување на Европските вредности, сепак, како и кај говорот на Милошевиќ на Газиместан во 1989 година, ова значи исклучување на другите, величање на сопствениот национален дух и подгревање на српскиот национализам. Симболизмот може да се види и во фактот дека настанот беше организиран како собир на сите Српски лидери. Така покрај водството од Р. Србија на собирот присуствуваше и Милорад Додик како претставник на Босанските Срби, иако во Балканските војни, бидејќи се дел од Австро-Унгарија, босанските срби не учествуваат. На крајот, ова е спротивно од Европските вредности во кои постои заедничко чествување на спротивставените страни, на пр. Заедничките чествувања кои ги организираат Франција и Германија, пример кој не беше следен на Зебрењак затоа што де факто турската страна беше исклучена.

## 8. Постои и ли заедничка историја на Балканот?

Во овој дел би сакале да се осврнеме на обидот да се понуди нов поглед на состојбите пред и за време на Балканските војни. Имено, во новопродуциранатадокументаристика, како што се Edwardians in color: The wonderful world of Albert Kahn, BBC, 2007 и SILENT BALKANS, 100 years from the Balkan wars, се прави обид за отстранување на националните дискурси, со што се нуди уникатен поглед кој истовремено нуди елиминирање на политичките цели кои ги има националната документаристика, а акцентот на место на разликите се става на сличностите на културно-етничките ентитети кои егзистирале на овие просори во почетокот на 20 век. Сепак, поради критиката упатена на месијанската природа на национално ориентираните балканистички историски погледи, ваквите алтернативни погледи се уште не се прифатени во различните Балкански нации-држави. Можеби заедничката Евро-Атланска ориентација на регионот во иднина ќе ги промени ваквите стојалишта, а внатрешната интеграција на Југоисточна европа ќе произведе услови за деидеологизација на националните митови, а со тоа и критичко заедничко анализирање

на историските факти, вклучително и на оние кои се однесуваат на периодот на Балканските војни.

**Заклучок**

Балканските војни (1912-13) создаваат можност националните митови на земјите партиципиенти да создаваат селективна интерпретација на фактиите, при што истите ги прилагодуваат на сопствените политички и национални потреби. Различната презентација на историските факти може јасно да се забележи преку документаристиката на земјите на Балканот. Речиси унифицирано е гледиштето за „нелегитимноста“ на османлиското присуство на Балканот, мит кој подеднакво е субјективизиран од националните идеологии, со исклучок на современа Турција. Врз основа на овој мит, се оправдува воената интервенција во Балканските војни, а злосторствата извршени врз муслиманското население или се занемаруваат или се минимизираат.

Од друга страна, теоријата на виктемизација е подеднакво апликативна и кај историографијата на сојузниците (Балканскиот сојуз), кои изразуваат незадоволство од придобивките кои не ги задоволуваат нивните максималистички очекувања, но и кај Турската и Македонската историографија. Интересно, последната во голема мера митот за националната конститутивност го темели на оваа теорија.

На крајот треба да се забележи постоењето на алтернативно презентирање на историските факти, во кои националниот дискурс нема изразито влијание. Истите се производ на теоретската матрица за национализмот како идеологија која е производ, а не последица на нацијата-држава. Токму последното, нема изразена политичка димензија, или доколку постои, истата не е продукт на националните политички цели на Балканските држави.

**Литература**


Abazi Bozeva, Katrin. *The Shaping of Bulgarian and Serbian National identities, 1800-1900s*. INI, Skopje, 2007.

Adanar, F. *The Socio- Political Environment of Balkan Nationalism: The Case of Ottoman Macedonia 1856-1912*. L luver Law International, Nederland's, 1998.

Брејлсфорд, Х. Н.. *Македонија*. Култура, Скопје, 2003.

Константинова, Ю. „Превръщането на Мегалиидея в държавна доктрина на Кралството Гърция“. Во *ИсторическоБьдеще*, Брой 1-2. Асоциация Клио, София, 2006..

Brooks, J.A. *"Shoot the Teacher!" Education and The Roots of the Macedonian Struggle*. MA Theses, Department of History, Simon Fraser University, 2005..

Davoson, H. Roderie. *Nineteenth century Ottoman diplomacy and reforms*. The Isis press, Istambul, 1999.

Каракасиду, А. *Полиња жито, ридишта крв*. Магор, Скопје, 2002.

Мазовер, М. *Балканот, кратка историја*. Евро Балкан пресс, Скопје 2003.

Noris, Dejvid, E. *Balkanski mit, Pitanja identiteta i modernosti*. Geopoetika, Beograd, 2002.

Тодорова, М.. *Замислувајќи го Балканот*. Магор, Скопје, 2001.


**Филмографија и документаристика**


Edwardians in color: The wonderful world of Albert Kahn, BBC, 2007
https://www.youtube.com/watch?v=nWeU5OexIls

SILENT BALKANS_EN, 100 years from the Balkan wars, Athens-Greecebasedindependentcompanyof Anemon.
https://www.youtube.com/watch?v=GVMpt7Ct3Jc

Балканските войни, Българска Национална телевизия, 2009. Дел Први и Втори.
https://www.youtube.com/watch?v=VBW6K_IBxuo

Балканските войни

https://www.youtube.com/watch?v=FFjUdvEjA7w

Балканската война 1912-1913, Българска Национална телевизия

https://www.youtube.com/watch?v=I0GhvDPckOE

МеждусъюзническатаВойна, Българска Национална телевизия

https://www.youtube.com/watch?v=TZL6M2ekfTw

Савременотумачењесрпскеисторије, Балкански ратови 1912-2013, РТС, 2012

https://www.youtube.com/watch?v=KmXdnnrn9vE

Балканските војни и Македонија, Продукција Кино Око,МТВ, 2013

https://www.youtube.com/watch?v=gkKZkDCDhcA

BalkanlarveGoc, TRT, 2005.

https://www.youtube.com/watch?v=ldxLLOxKXp4

Balkan Savaslari, Kanal a. 2012.

https://www.youtube.com/watch?v=s-4NrY1pS40

BalkanSavaşlarıBelgeseli - YüzYıllıkHüzün 1.bölüm "BalkanWars 1912-1913"

https://www.youtube.com/watch?v=rcSPDAoZhIg

Balkan Wars, 1912-13, National Geographic, 2012

https://www.youtube.com/watch?v=rrQv_uZ4WXI

BalkanikoiPolemoi, 1912-13, EPT, 2012[Α' ΒΑΛΚΑΝΙΚΟΣ ΠΟΛΕΜΟΣ 1912-1913 ΜΕΡΟΣ 1]

https://www.youtube.com/watch?v=vMTvkn-v5m0

Кумановска битка, Крв и Магла, РТС

https://www.youtube.com/watch?v=P8KYugv0bgY

Код со Снежана Лупеска, Кумановската битка и Балканските војни, Канал 5, 2012
https://www.youtube.com/watch?v=8CKK0pB3Jf8

Македонската Борба за Слобода, Ослободителните борби, сојузничкиот придонес и трагедијата на Македонскиот народ во Балканските војни 1912-1913, Tomato Production, МТВ, 2012
https://www.youtube.com/watch?v=J3oI3DIZbG8

Балкански ратови и Лондонски мировни уговор, РТС-ТВБ, 1992.
https://www.youtube.com/watch?v=LGpHZpv5qT0

Цели говор Слободана Милошевича на Газиместану, 1989
https://www.youtube.com/watch?v=vdU6ngDhrAA

Прослава Сто годишнице Кумановске битке Зебрењак, 28 октобар 2012
https://www.youtube.com/watch?v=sRtRsslcWI8